# Божјото прекрасно спасение

---

Текст: Jennifer Haaijer
Илустрирано на: Didi Hegnauer

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

European CEF®
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 2005 European Child Evangelism Fellowship®
Сите права се задржани. Употребено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба. За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

## *ВОВЕД*

Овие лекции беа направени за употреба во петдневните клубови, но ќе им бидат од помош на учителите и во други ситуации. Целта е на децата да им се каже за нивната потреба од спасение, и како таа потреба може да се исполни со Господ Исус Христос. Ѝ благодарам на Диди Грејнер која вложи многу време во илустрирањето на овие лекции, за да ги направи поефективни и попривлечни. Многу сум благодарна за сета работа што ја заврши Кејт Денан (МЕД од Нов Зеланд).Овие лекции нека бидат за слава на Бог и Тој нека ги употреби така што многу деца да го искусат Неговото прекрасно спасение. "*Па така, не е волјата на вашиот Татко Кој е на небесата да загине ниедно од малечкиве*" (Матеј 18:14).

*Џенифер Гован*
*Европска МЕД*

## *УПАТСТВО ЗА УЧИТЕЛОТ*

**Молитва.** Моли се многу за децата. Ако Бог не дејствува во нивните срца и животи, нема да успееме да завршиме никаква духовна работа. Моли се секоја лекција да ја поучуваш во силата на Светиот Дух. Ова е тајната на ефктивното евангелизирање.

**Поучување на стихот за учење напамет.** Ние ви предлагаме, кога овие лекции ќе ги употребувате едноподруго пет денови, да поучувате само три стиха за напамет. Подобро е децата вистински да научат три стиха, отколку делумно да научат пет. Ова објаснува зошто стиховите за учење напамет се повторуваат во две од лекциите. Има и два други библиски стиха што се предложени, ако овие лекции ги поучувате како индивидуални.

**Подготовка.** Вие во рацете имате детален план што ќе ви помогне како на учители, но тој не треба да биде замена за внимателна подготовка проследена со молитва. Пред да го проучуваш овој текст проучи го Божјото Слово и текстовите што се спомнати. Обиди се секоја лекција да ја научиш толку добро што ќе можеш да ја поучуваш без белешки, или ако веќе мораш да употребиш белешки, тие да бидат минимални. Запомни, речиси е невозможно да користиш белешки ако овие лекции ги поучуваш на отворено. Исто така, вежбај како да го употребуваш картограмот пред да почнеш да поучуваш лекција пред децата. Од внатрешната страна на задната корица има мапа. На неа можеш да покажеш каде се случуваа настаните: прва лекција - Гошен; втора лекција - на пат кон Канаан; трета лекција - Јерихон; четврта лекција - во Израел; петта лекција - Филипи.

**Биди достапен за разговор со децата.** Можеби има деца кои сакаат да се спасат но не се сигурни како да го направат тоа. Можеби има деца што сакаат да ти постават прашања за она што го поучуваш. Некаде во текот на програмата кажи им на децата дека си подготвен да разговараш со нив по состанокот. Јасно назначи каде ќе бидеш.

Меѓутоа, биди внимателен да не оставиш впечаток дека децата треба да останат и да разговараат со тебе ако сакаат да се спасат. Тие можат да поверуваат во Христос каде и да било, во кое и да било време, без да имаат потреба од советник.

Можеш на децата да им кажеш дека си достапен за разговор со нив:- На почетокот на состанокот кога ги даваш информациите за самата програма;

- откако ќе поучуваш стих за напамет кој зборува дека треба лично да се спасиш од гревот;
- во текот на библиската лекција, на самиот почеток;
- на друго место кое е погодно за тоа од самата програма.

Пример за она што можеш да го кажеш:

*"Ако сакаш Господ Исус да ти ги прости гревовите, а сè уште не си сигурен што треба да направиш, ќе ми биде драго да разговарам со тебе и да ти помогнам. Откако ќе заврши состанокот, појди и седни, под она дрво. Тогаш јас ќе знам дека ти сакаш да разговараш со мене. Јас ќе дојдам и ќе ти објаснам како можеш да побараш од Господ Исус Христос да стане твој Спасител."*

Бидејќи често пати има деца кои насамо го прифаќаат Господ Исус Христос како нивни Спасител (без некој лично да ги советува), добро е, некаде пред крајот на вашиот петдневен клуб да кажете нешто вакво: "Ако си поверувал во Господ Исус Христос а јас не знам за тоа, те молам по состанокот кажи ми, за да можам да ти помогнам. Јас ќе стојам (назначи место). Само дојди и кажи ми: "Сакам да знаеш дека јас побарав од Исус да ме спаси".

Ова ќе ти помогне да можеш таквото дете да го вклучиш во програмата за надградба и да му помогнеш во областа на сигурноста на спасението и христијанскиот растеж.

## *ПРВА ЛЕКЦИЈА*

## *ЈОВАН КРСТИТЕЛОТ ГО ПОКАЖУВА ПАТОТ*

**Централна вистина:** Исус Христос спасува од **суд**.

**Стих за учење напамет:** *"...Бог Го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку Него" (1. Јован 4:9).*

**Библиски текстови:** *Јован 1:19 - 36; Лука 3: 1- 3; Матеј 3: 1 - 6; 2. Кн. Мојсеева 12.*

"Ене го пак таму! " - некој викна по улицата. "Јован Крстителот пак проповеда. Тој е блиску до реката Јордан; да одиме и да го чуеме! "

Како што веста се ширеше, луѓето бргу излегуваа од своите куќи и работилници, возбудено разговарајќи, и брзаа надолу, кон реката. Оваа река, реката Јордан, се наоѓа во Палестина. Јован, овој славен проповедник, проповедаше таму пред околу две илјади години.

***Слика 1-1***

Наскоро луѓето можеа да го чујат силниот глас на Јован: "Покајте се!" - им велеше тој. "Одвратете се од вашиот грев, ако сакате да избегате од Божјата казна."

Колку беше чудно да се гледа на него, бидејќи беше облечен во камилска кожа и носеше кожен ремен. Толпата слушаше додека тој проповедаше. Мнозина поверуваа во она што Јован го велеше и беа крстени во реката, за да покажат дека се одвраќаат од погрешните нешта што ги направиле. Дојдоа различни луѓе: млади и стари, богати и сиромаси, водачи и обични луѓе. Тие дојдоа од далеку и блиску, па дури и од градот Ерусалим, за да го чујат Јован како проповеда. Некои се прашуваат кој е навистина Јован.

"Дали Јован е **Христос**, Оној што Бог вети да Го испрати?" - се прашуваа тие. "Христос" беше името дадено на Оној Кој

беше посебен и Кого Бог вети да Го испрати како Спасител. "Не, јас не сум Христос; Јас не сум Ветениот Спасител." - рече Јован. "Доаѓа друг Кој е толку Велик што јас не сум доволно добар дури ни да клекнам и да Му помогнам да си ги собуе сандалите. Тој е Христос, а не јас." Јован требаше да заврши една посебна задача. Бог го испрати да им каже на луѓето да се подготват бидејќи Божјиот Син, Христос, беше веќе на пат.

***Слика 1-2***

Еден ден Јован се сврте, покажа кон Еден и рече: "*Еве Го Божјото Јагне, Кое го отстранува гревот на светот!*" *(Јован 1:29).* Луѓето погледнаа да видат на Кого покажува Јован. Таму стоеше Господ Исус Христос!

Јован им велеше дека Христос, ветениот Спасител, веќе дошол. Во Стариот завет, што е првиот дел од Библијата, Бог на Својот народ му кажа многу нешта за Оној Кој беше посебен и Кого Тој вети дека ќе Го испрати. Стотици и стотици години Божјиот народ, Евреите, го чекаа Неговото доаѓање. Сега Јован велеше дека Тој е овде! Јован Го нарекуваше "*Јагне Божјо*". Овие зборови, "*Јагне Божјо*", мора да ги потсетија оние што слушаа за нешто што се случило пред многу години. Ајде да чуеме што се случило тогаш. Ќе ни помогне да разбереме што рече Јован дека треба да направи Господ Исус со Своето доаѓање.

***Слика 1-3***

Божјите луѓе, Израелците, живееја во земјата Египет. Отпрво сè им беше добро! Но како што минуваа годините, Египќаните се уплашија од нив. Имаше сè повеќе Израелци, па затоа Египќаните ги поробија. Ги принудија да работат многу, многу тешки работи и сурово се однесуваа спрема нив. Ги употребуваа да ги изградат пирамидите во Египет. Многу Израелци умреа на таа страшна работа што требаше да ја завршат. Сепак, Египќаните сметаа дека има премногу Израелци. Тие дури се обидоа да ги убијат сите мали израелски машки бебиња.

Божјиот народ очекуваше да биде ослободен. Бог ги виде неговите потреби. Тој имаше план со кој сакаше да ги ослободи, за да можат да се вратат во нивната сопствена земја. Тој на Израелците им даде водач, Мојсеј. Бог го испрати Мојсеј за да разговара со фараонот, египетскиот цар. Мојсеј го замоли Фараонот да ги ослободи неговите луѓе, но фараонот одби. Тој не сакаше да ги загуби своите робови!

Но Бог ја покажа Својата голема моќ со тоа што испрати големи и страшни маки врз Египет. Тврдоглавиот фараон сè уште одбиваше да дозволи Божјиот народ да си оди. Многу пати Мојсеј и неговиот брат Арон отидоа да го видат фараонот и да го предупредат за Божјата казна. Но тие не можеа да го променат овој тврдоглав, суров човек. Тој секогаш им одговараше: "Не, јас нема да ве пуштам да си заминете!"

Тогаш Бог ги испрати Мојсеј и Арон кај фараонот со последното предупредување: "Еве што вели Господ: 'Јас ќе поминам низ целата египетска земја. Во секое египетско семејство ќе умре најстариот син. Најстариот син на фараонот, најстариот син на секој богат и сиромав во оваа земја. Ќе има мртви дури и меѓу животните на Египќаните. Ќе има големо плачење низ целата земја, пострашно отколку што сте чуле кога и да било, или што ќе чуете'" (види 2. Кн. Мојсеева 11: 4 - 6).

Мојсеј продолжи да зборува: "Твоите слуги ќе дојдат кај мене и ќе ми кажат: 'Оди! Земи си ги сите твои луѓе со тебе". И тогаш, фараону, јас ќе тргнам и ќе ги земам луѓето со мене" (1. Кн. Мојсеева 11:8 ). По тие зборови Мојсеј се сврте и излезе од палатата. Злиот фараон сè уште одбиваше да го ослободи Божјиот народ. Тој слушна едно предупредување за смрт, но не сакаше да го послуша.

Дали и ти си како него? Во Библијата има предупредување што е слично на ова и што се однесува на сите нас. Бог вели: "*Зашто заслуженото за гревот е смрт*" *(Римјаните 6: 23).* Ти знаеш дека ако некој работи, на крајот на седмицата, или на крајот на месецот ќе добие пари за работата што ја извршил. Тоа се нарекува заработка. Библијата ни вели дека кога грешиш ти

заработуваш, а заработката ти е смрт. Ова значи дека твојата душа, оној дел од тебе што ќе живее засекогаш, ќе биде одвоен од Бог. Значи дека ти нема да можеш да живееш заедно со Бог. Ова е навистина страшна казна; но мора да биде така, бидејќи Бог и гревот не можат да бидат заедно.

Што си направил за да ја заработиш оваа казна? Ти грешиш! Гревот е непослушност спрема Бог. Библијата ни вели дека секој згрешил: "*Зашто сите згрешија и лишени се од Божјата слава" (Римјаните 3: 23)*. Тоа значи дека и ти си згрешил. Ако за момент размислиш за ова, ќе мора да признаеш дека е вистина. Можеш да се сетиш на моменти кога си имал лоши, грозни мисли за некој: "Го мразам". Можеби мислиш дека ова си го кажал само во себе. Но Господ Исус рече дека кога имаш вакви мисли за некого ти всушност си ѝ непослушен на Божјата заповед што вели: "*Љуби го ближниот како самиот себе*". Лоши мисли, лошо однесување, лути зборови се грев и не се по Божјата волја. Тој е толку чист, добар и праведен што мора да го казни секој грев. Библијата нѐ предупредува оти казната е одвоеност од Бог. Послушај ги Божјите предупредувања; немој да бидеш како фараонот.

***Слика 1-5***

Кога Мојсеј и Арон си заминаа откај фараонот, требаше да одат и да ги подготват Израелците за она што требаше да се случи. Ги собраа сите луѓе заедно и им објаснија што треба да направат: "Слушајте! На десеттиот ден од месецот, изберете јагне. Треба да биде машко, не постаро од една година. Проверете го, да не е пресечено или изгребано. Јагнето треба да биде совршено" (види 2. Кн. Мојсеева 12: 3 - 5).

Ова јагне нѐ потсетува на Господ Исус Христос. Јован Крстителот го нарече "*Јагне Божјо*". Исус беше совршен. Тој немаше грешно срце што ќе Го натера да Му биде непослушен на Бог. Тој беше роден чист и без грев, единствената личност што се родила таква. Додека Тој растел никогаш не мамел, не лажел, не се расправал со мајка си кога таа ќе побарала да направи нешто; Тој никогаш не направил грев. И затоа јагнето за кое Мојсеј зборува нѐ потсетува на Господ Исус Христос.

Мојсеј продолжи да ги поучува луѓето: "И тогаш, на четиринаесеттиот ден, убијте го јагнето. Соберете ја крвта во еден сад и со неа испрскајте ја рамката и делот над вратата во твојот дом" (Види 2. Кн. Мојсеева 12: 6, 7). И Јагнето Божјо, Господ Исус Христос, исто така умре. Немаше друг начин луѓето кои заслужуваа да бидат одвоени од Бог засекогаш да бидат спасени од страшната казна. Тој, единствениот Кој никогаш не згреши, ја зеде казната што ние ја заслужуваме од Бог. Исус ја пролеа Својата скапоцена крв за да можат да се спасат луѓето како ти и јас. Имаше само еден начин за да бидат Израелците на сигурно, кога Господ ќе дојде и ке донесе смрт во земјата, поради лошите и страшни гревови на Египќаните. И така, има само еден Кој може да те спаси - Господ Исус Христос.

На четиринаесеттиот ден, секое семејство направи точно онака како што рече Мојсеј. Јагнињата беа убиени. Како што Бог им кажа преку Мојсеј, секое семејство зеде од крвта и ја попрска од двете страни вратата и рамката. Крвта не беше само да биде чувана во легенот; таа требаше да биде испрскана врз вратата. Кога Господ ќе ја видеше крвта, Тој требаше да ја одмине таа куќа и сите луѓе што беа внатре ќе беа на сигурно.

Токму така е и со Јагнето Божјо. Јагнето умре, но тоа не значи дека секој на овој свет е сигурен од казната за неговите гревови. Ако сакаш да бидеш сигурен, треба лично да поверуваш во Господ Исус Христос за да те спаси; треба да Го сметаш како Оној Кој умрел за тебе, Кој ја пролеал Својата скапоцена крв за тебе. Јагнето ја понесе казната, а не Израелците. Точно тоа го направи Исус за нас, со тоа што умре на крстот. Како што Израелците требаше да се осигураат дека крвта на јагнето беше над нивната врата, и ти треба да си сигурен дека се надеваш на Господ Исус Христос да те спаси.

Потоа, во секое израелско семејство се печело јагнето и сите заедно го јаделе. Секој од нив бил облечен и подготвен за да тргне

на пат. Тие не требало да се грижат за Божјиот суд, бидејќи Бог рече: "*Кога ќе ја видам крвта, ќе те одминам*" *(2. Кн. Мојсеева 12:13)*.

Таа вечер, секое израелско семејство очекувало да види што ќе се случи, како што Бог кажа. На полноќ, Бог помина низ земјата. Во секој дом каде што немаше крв над вратата умре најстариот син. Од палатата се слушнало страшно викање бидејќи принцот наследник бил мртов. Истите крикови се слушале и од други египетски домови кога тие ги откривале нивните најстари синови мртви. Колкава тага! Колку многу плачење!

Ох, немој да бидеш како тие луѓе. Немој да бидеш момче и девојче кое не верува во Господ Исус. Тој ја даде Својата крв и умре за грешните. Ако продолжиш да Му бидеш непослушен и одбиеш да Му поверуваш и ти ќе бидеш засекогаш одвоен од Бог. Немој да бидеш како луѓето кои врз вратите ја немаа крвта на јагнето.

Но во секој дом каде што над вратата имало попрскана крв, немало смрт. Сите биле сигурни, исто како што ветил Бог. Осигурај се дека ти си како тие луѓе. Немој да мислиш дека одењето в црква, молитвите или обидите да бидеш добар можат да ти помогнат да бидеш сигурен. Тие работи не можат да ти помогнат. Добро е да одиш в црква, да се молиш, да се однесуваш колку што е можно подобро, но само Јагнето Божјо, Господ Исус Христос, може да те чува сигурен од осудата. Библијата ни вели: "*Затоа, сега нема осуда за оние кои се во Христос Исус*" *(Римјаните 8:1)*. Тоа значи дека ако твојата доверба си ја ставил во Господ Исус Христос, Јагнето Божјо, ти си сигурен од Божјата осуда исто како и Израелците.

Египќаните лелекале. Фараонот бил со скршено срце. Во текот на ноќта тој ги повикал Мојсеј и Арон и им заповедал: "Одете си! Оставете ги моите луѓе вие и сите Израелци. Одете и славете Го Бог како што побаравте. Земете си ги своите стада и бегајте!" (2 Кн. Мојсеева 12: 31, 32).

***Слика 1-7***

На Мојсеј не морало да му се каже двапати. Тој и неговиот народ биле подготвени. Низ целата земја Египќаните ги молеле Израелците: "Одете си, пред да умреме сите!" Израелците побарале од Египќаните облека и накит, а тие доброволно им ги дале. Им давале златни и сребрени обетки, прстени, синџирчиња и најубава облека. Ова бил Божјиот начин за Египќаните да им платат на Израелците за сите години напорна работа. "Еве, земете сè" - им велеле тие. "Само одете си! Не се чувствуваме сигурни ако не си отидете далеку одовде!"

Големата толпа, Божјиот народ тргнал да си оди. Најпосле биле слободни. Тие биле засолнати на сигурно место во текот на најстрашната ноќ што ја доживеал Египет кога и да било. Крвта на јагнето била таа што ги зачувала на сигурно.

***Слика 1-8***

Можеш ли сега да сфатиш зошто Јован Крстителот рече: "Погледнете, ене Го Јагнето Божјо, кое врз Себе го зеде гревот на светот"? Тој покажуваше на Исус Христос, Божјиот Син. Тој дојде да умре за сите што веруваат во Него да бидат сигурни оној голем ден кога Бог ќе го казни гревот. Библијата ни вели: "*Бог Го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку Него*" *(1. Јован 4:9)*.

Можеби ти во твоето срце знаеш дека не си сигурен, а сакаш да бидеш. Дали си подготвен да се одвратиш од оние нешта што не му се по волјата на Бог и да поверуваш во Господ Исус Христос само Тој да те чува на сигурно? Дали ќе поверуваш во Него сега? Кажи му: "Господе Исусе, Јагне Божјо, ти благодарам што умре за да го одземеш мојот грев. Ти благодарам што ја даде Твојата скапоцена крв за мене. Жал ми е што бев толку лош. Сега јас верувам во Тебе како во Единствениот што може да го одземе мојот грев и да ме зачува сигурен од Божјиот суд." Ако Му поверуваш, Библијата ни ветува дека "*нема никакво осудување (или суд) за оние кои се во Христос Исус*" *(Римјаните 8:1)*.

## *ВТОРА ЛЕКЦИЈА*

## *НИКОДИМ И СЛУЧКАТА ОД СТАРИОТ ЗАВЕТ*

**Централна вистина:** Мора да поверуваш во Господ Исус Христос ако сакаш да бидеш спасен.

**Стих за учење напамет:** Во петдневен клуб повтори го 1. Јован 4:9; ако ова е издвоен собир на деца поучувај: "*Мора повторно да се родиш*" *(Јован 3:7).*

**Библиски текстови:** Јован 3:1 - 16; 4. Кн. Мојсеева 21: 4- 9

"Пст..." Беше тивко и темно. Еден човек се движеше бргу низ темните улици во Ерусалим. Тоа беше Никодим, еден од религиозните водачи. Каде ли одеше? Слушнал за чудните, прекрасни нешта што се случувале во градот. Луѓето зборувале за Исус од Назарет, Кој можел да прави нешта што никој друг не можел да ги направи. Никодим бил сигурен дека Бог Го испратил Исуса и тој сакал да дознае повеќе.

Можеби и ти сакаш да дознаеш повеќе за Господ Исус и како Тој може да ти ги прости гревовите. Можеби никогаш не си побарал од Господ Исус Христос да биде твој Спасител и сега навистина сакаш Тој да ти ги прости гревовите; но не знаеш што да направиш. Ќе ми биде драго да разговарам со тебе по состанокот и од Библијата да ти покажам што сака Господ Исус да направиш ти и што ќе направи Тој. Ако сакаш да разговараш со мене за ова најважно прашање, јас ќе бидам (одреди место), откако ќе заврши овој состанок. Ти можеш да дојдеш кај мене и ќе знам дека сакаш да разговараме за тоа како Исус Христос може да ти ги прости гревовите.

Да, Никодим имал прашање. Тој запрел кај една куќа и побарал да разговара со гостинот. Можеш ли да погодиш Кој беше тој гостин? Да, тоа беше Господ Исус, Божјиот Син.

### *Слика 2-1*

Тој и Никодим таа вечер разговарале насамо. Господ Исус рекол: "Ако некој не се роди одозгора, тој не може да го види Божјото царство". Не беше доволно Никодим само да знае за Бог; тој требаше да започне нов живот. Но Никодим не можеше да го стори тоа самиот за себеси; само Бог можеше да го промени, за да почне да живее за Него; и тогаш Бог ќе станеше Цар во неговиот живот.

Овој мудар, религиозен човек беше вчудовиден: "Зарем една личност треба повторно да стане бебе за да може да го добие овој нов живот?" Никодим не можел да разбере како може да се случи тоа. Затоа Господ Исус употребил една случка што се случила пред многу години и која Никодим ја знаеше многу добро. Таа требаше да му помогне подобро да разбере.

### *Слика 2-2*

Многу, многу одамна, Божјите луѓе, Израелците, излегле од Египет каде што биле робови. (Ќе се сетиш дека во минатата лекција Израелците требаше да убијат јагне и дека Бог ги заштити за да можат да си одат). Тие оделе во една нова земја. (Покажи ја мапата на внатрешната страна од корицата и покажи им на децата по кој пат тргнале Израелците од Египет кон Ханаан.)

Додека патувале, разговарале за тоа колку Бог бил добар спрема нив. Тој им покажал дека е велик и моќен со тоа што ги изведе од Египет. Им било драго што Му припаѓаат на Единствениот вистински Бог. Тие не славеле лажни богови што не можат да направат ништо; нивниот Бог беше моќен и добар.

Многу години оваа голема група луѓе патуваше низ пустината. Еден ден дојдоа до границите на земјата Едом. Ако можеа да патуваат преку Едом, тие во нивната земја ќе стигнеа многу побрзо. Но Едомскиот цар одбил да им дозволи да поминат низ неговата земја. И затоа требало да тргнат по подолгиот пат одоколу. Изгледало дека патувањето нема крај! Станале многу обесхрабрени и

заборавиле на сè што Бог веќе направил за нив. "Зошто нè изведе од Египет за да умреме овде во пустината? Овде нема леб! Овде нема вода! Ја мразиме оваа безвредна храна" - се жалеле тие. (Види 4. Кн. Мојсеева 21: 5).

***Слика 2-3***

Но тие **имаа** вода и храна. Бог бил многу добар спрема нив. Секое утро кога ќе се разбуделе, можеле да видат дека Бог им дал леб од небото; овие тркалезни снегулки на земјата ги нарекувале "мана". Тие имале мана секој ден. Не само тоа, туку Бог можел да им даде вода и таа да излезе од карпа секогаш кога тие биле жедни. Но сега тие се жалеле против Бог.

Зарем и ние не сме како нив? Бог е многу добар спрема нас. Имаме храна, пријатели и домови. Силни сме и здрави. Бог ни дава сонце и дожд. Па дури и тоа што си жив денес ти е дар од Бог. Тој е многу добар и љубезен. Но ние сме исти како оние луѓе пред многу години; се бунтуваме против Бог. Овој Бог ти вели дека Тој треба да биде твој Бог и да го има првото место во твојот живот. Библијата ни вели: "Да го љубиш Господ твојот Бог со сето твое срце", но ние не го правиме тоа, нели? Ти секој ден си играш, одиш на училиште, јадеш и спиеш, но многупати не мислиш на Бог. Твоите пријатели, твоите играчки, твојата ТВ програма ти се многу поважни отколку што ти е важен Бог.

Библијата ни вели дека не смееме да заборавиме на Божјата добрина, да се жалиме и да мрмориме. Дали некогаш си кажал нешто вакво: "Јас не сакам учителот да ми кажува што треба да правам. Јас не сакам да ги измијам садовите наместо мама. Јас не сакам да слушам што ми вели Бог во Библијата. Јас сакам да си го правам она што мене ми е по ќеф." Дали ти мрмориш, дали се жалиш? Кога правиш такви нешта спрема другите ти си Му непослушен на Бог. Тоа е како да ја тресеш својата тупаница кон Бог и да велиш: "Јас не сакам Ти да раководиш над мојот живот. Не го сакам тоа што Ти си ми го дал".

Но можеби ти велиш: "Па јас не го правам тоа многу често." Тоа ти е исто како пукнатина во вазна. Ако има само една пукнатина, целата вазна е расипана. Ако си му непослушен на Бог во едно нешто, тоа е како да си Му непослушен во сè. Ти се бориш против Божјите заповеди, Ти си Му непослушен исто како и тие луѓе пред многу години.

***Слика 2-4***

Одеднаш во логорот се слушнал врисок исполнет со паника! Насекаде меѓу луѓето се движеле отровни змии и ги касале. Болката била страшна. Луѓето почнале да умираат. Бог ги испратил змиите да ги казнат луѓето за нивното жалење и непослушност. Бог е добар и љубезен, но Тој е исто така чист и праведен. Кога луѓето Му се непослушни и се бунтуваат против Него, Тој мора да ја казни нивната непослушност. Сега овие луѓе беа во опасност да умрат поради нивниот грев.

Знаеш ли дека и ти си во истата опасност? Ох, не, ти не си каснат од змија; но ти си Му бил непослушен на Бог и ја заслужуваш Неговата казна. Бог во Библијата ни кажува каква е таа казна. Тој вели: "*Душата која ќе згреши, ќе умре*" *(Езекиел 18: 4)*. Тоа не значи дека ти ќе умреш и ќе бидеш погребан. Тоа значи дека ќе бидеш засекогаш одвоен од Бог. Ова е казната за непослушност спрема добриот, чист и Семоќен Бог. Неа ја заслужуваме сите.

Луѓето во пустината знаеле дека го заслужуваат она што им се случува. Тие разбрале зашто овие отровни змии биле насекаде низ логорот. Во голема мака тие отишле кај Мојсеј, нивниот водач, и го молеле: "*Згрешивме кога зборувавме против Господ и против тебе. Те молиме, моли го Господ да ги тргне змиите од нас*" *(4. Кн. Мојсеева 21: 7)*.

***Слика 2-5***

Нивниот верен водач отишол да зборува со Господ Бог и да се моли за луѓето. Тој знаел дека ако Бог дозволи да умрат сите, тоа ќе биде она што тие го заслужуваат. Никој не можел да каже: "Тоа не е фер!" Така е и со нас. Ако Бог треба да го испрати секого од нас далеку од Него за да биде

засекогаш казнет, никој нема да може да каже: "Јас не го заслужувам тоа". Ние сме толку непослушни кон Бог што сè што заслужуваме е Неговата казна, исто како овие луѓе за кои се молеше Мојсеј.

Бог го послушал Мојсеј. Тој му дал многу чудна заповед: "Направи змија од бронза и стави ја на еден столб. Подигни ја така што луѓето да можат да ја видат. Секој што сака да биде спасен мора да погледне на бронзената змија и да ги впери своите очи кон неа. Ако погледнат, надевајќи се на Бог да ги излекува, ќе останат живи" (види 4. Кн. Мојсеева 21: 8). Зарем Бог не беше добар што на овие луѓе кои постојано се поплакуваа им даде начин да бидат спасени од сигурна смрт? Но начинот на кој Тој сака ти и јас да бидеме спасени од гревот е многу, многу поубав.

Господ Исус му кажал на Никодим дека, исто како што бронзената змија беше подигната, така и Тој, Господ Исус, мора да биде подигнат. Со тоа сакал да каже дека Тој ќе биде подигнат на крст. Тој никогаш, никогаш не згрешил, затоа не заслужуваше никаква казна. Но Бог ги зеде нашите гревови и ги стави врз Господ Исус "*Кој врз себе ги понесе нашите гревови во Своето тело на дрвото*" *(1. Петар 2: 24)*. Бог Го казни Својот драг Син небаре Тој го направил лошото. Запомни, рековме дека казната за гревот е да се биде одвоен од Бог. Кога Господ Исус умре, Тој многу страдаше. Но најлошото страдање беше малку време да биде одвоен од Неговиот Татко, Бог. Тој извика: "Боже мој, Боже мој, зошто ме напушти!" Тогаш Бог врз Него го изврши судот и казната за нашите гревоти. Колку е голема Божјата љубов кон нас: Тој го даде Својот Единствен Син да биде "подигнат" за да умре. Потоа на третиот ден Бог го воскресна од мртвите. Тој е денес жив и живее на небото со Бог Таткото. Затоа Господ Исус може денес да ни каже: "*Погледај на мене и ќе бидеш спасен*" *(Исаија 45: 22)*.

Значи ли тоа дека секој е спасен од казната за гревот? Сети се повторно на луѓето во пустината.

***Слика 2-6***

Тие требаше да веруваат дека Бог им дал лек, само еден лек. Ако сакаа да бидат спасени од смртта требаше да погледнат на бронзената змија . Ако некој induced: "Јас не верувам во тоа", тој немаше да живее. Ако некој речеше: "Јас не мислам дека само со гледање на бронзената змија ќе можам да оздравам", тој ќе умреше. Но мнозина се собраа наоколу, знаејќи дека се соочуваат со смртта. Тие навистина верувaa во она што го рече Бог. Тие погледнаа на змијата и веднаш беа исцелени.

Така е и со Господ Исус. Тој тоа му го објасни на Никодим: "*Така треба да биде издигнат Синот Човеков, та секој кој верува во Него да има вечен живот*" *(Јован 3: 14б - 15)*. Ти мора да веруваш дека Господ Исус беше казнет наместо тебе и да Му повеaccording за да те спаси од казната што ја заслужуваш. Ако навистина погледнеш на Господ Исус со целото твое срце, а тоа значи да веруваш само во Него, нема да бидеш загубен за секогаш. Ти ќе го добиеш Божјиот живот во тебе и кога ќе умреш, или кога Господ Исус ќе дојде пак, ќе отидеш да живееш со Него засекогаш.

***Слика 2-7***

Никодим внимателно слушал додека Господ Исус му објаснил како Тој може да даде нов живот. Тој бил вчудовиден - Никодим бил многу религиозен, тој знаел сè за Бог, тој честопати се молел, но Господ Исус му рекол дека сето тоа не му помогна за да живее засекогаш со Бог. Господ Исус му рекол дека тој мора да се роди повторно: тој мора да биде направен нова личност. Требало да поверува во Господ Исус Христос.

Сфаќаш ли како може да го добиеш овој нов живот? Знаеш ли зошто Исус Христос е Единствениот кој може да те спаси од гревот? "*Бог го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку него*" *(1. Јован 4: 9)*.

*Слика 2-8*

Што е со тебе? Денеска ти слушна некои од прекрасните нешта што ги кажа Господ Исус. Ти виде дека има само еден начин да бидеш спасен од твојата одвоеност со Бог. Слушни ги овие прекрасни зборови од Библијата: "*Погледни на Мене и спаси се, од сите краишта на земјата: Зашто Јас Сум Бог, и нема друг*" *(Исаија 45: 22)*. Биди Му послушен на Бог и погледни уште денес на Господ Исус. Кажи Му дека веруваш во Него: "Господе Исусе, јас им бев непослушен на твоите заповеди. Знам дека заслужувам да бидам казнет. Но јас верувам дека Ти беше казнет за мене. Те молам спаси ме сега." Ако Му поверуваш, Тој ќе те спаси и ти ќе знаеш дека Бог те направил нова личност, личност која може да живее за Него.

## *ТРЕТА ЛЕКЦИЈА*

## *СПАСИТЕЛОТ ГО НАОЃА ЗАКХЕЈ*

**Централна вистина:** Господ Исус Христос дојде да ги спаси грешните.

**Стих за учење напамет:** "*Затоа и може да ги спасува за вечни векови оние кои преку Него доаѓаат кај Бог*" *(Евреите 7: 25)*.

**Библиски текст:** Лука 19: 1 - 10

*Слика 3-1*

"Седумдесет, осумдесет, деведесет, сто..." Закхеј уживал да ги брои парите, бидејќи знаел оти многу од нив ќе задржи за себе. Тој имал многу важна работа, работејќи за Римјаните што ја покориле земјата Израел. Римјаните барале од Евреите да плаќаат многу даноци. Закхеј бил одговорен и главен над сите луѓе што ги собирале тие даноци во и околу градот Јерихон. Тој бил главниот даночник. Тој се грижел римската власт да ги добие сите пари што ги барала. Но исто така се грижел да задржи многу и за себе.

Овој богат, важен човек живеел во Јерихон, еден прекрасен град со високи палмови дрвја и убави градини. Многу богати луѓе живееле таму. Сигурен сум дека Закхеј бил радосен што луѓето плаќале многу даноци на римската власт, бидејќи тоа значело оти и тој ќе добие многу повеќе!

Закхеј бил важен човек, имал многу пари и живеел во прекрасен град. Но нешто не било во ред. Тој бил измамник и крадец. Од луѓето земал многу повеќе пари отколку што требало. Тој мамел за да добие пари за себеси. Сигурно тој ја знаел Божјата заповед: "*Да не крадеш*", но постојано ѝ бил непослушен. Кога си Му непослушен на Бог тоа е грев. Гревот нè одвојува од Бог и така ние се оддалечуваме од Него. Библијата ни вели: "*Но вашите беззаконија ве одвоија од вашиот Бог и вашите гревови го скрија Неговото лице од вас за да не ве чуе*" *(Исаија 59: 2)*.

Тоа беше она што не чинеше кај Закхеј: Тој беше далеку од Бог, тој беше загубен во гревот. Можеби и ти си ист. Да помислиме малку на таа заповед "да не крадеш". Имаш ли молив, играчка или книга што си ја зел од некој друг? Дали некогаш си украл пари од мајка ти или татко ти за да купиш сладолед? Сети се на тестот во училиштето, кога го препиша одговорот од некој друг. Значи ти го украде нивниот одговор. Ти си му бил непослушен на Бог. Ти знаеш за овие и за други лоши работи во твојот живот што доаѓаат меѓу тебе и Бог. И ти си загубен во гревот, исто како Закхеј. Твоите гревови стојат меѓу тебе и Бог.

***Слика 3-2***

Еден ден Закхеј видел како се собрала толпа луѓе и како возбудено разговарале. На врелото сонце луѓето викале и извикувале, некои се туркале за да поминат. "Доаѓа Исус од Назарет" - бргу се проширила веста. Многу луѓе имале слушнато различни нешта за Него. Сигурно меѓу себе си зборуваа за она што го слушнале: "Тој може да им даде вид на слепите".

"Да, и Тој честопати допира болни луѓе и тие во миг стануваат здрави."

"Тој дури воскреснуваше и мртви луѓе!"

Веројатно многу малку од луѓето во таа толпа разбраа дека Оној за Кого тие зборуваат беше Единствениот Божји Син. Тој отсекогаш живеел со Бог, Неговиот Татко, на небото. Тој стана човек и дојде на оваа земја. Бидејќи Тој беше Бог, можеше да ги прави сите тие прекрасни нешта. Иако луѓето не го разбираа ова, тие беа многу возбудени за Неговото доаѓање во нивниот град. Закхеј знаеше дека Тој доаѓа. "Морам да го видам Овој човек" - си мислеше тој. Можеби Закхеј имал слушнато дека Господ Исус бил пријател на даночниците кои никој друг не ги сакал. Закхеј побрзал да ѝ се придружи на толпата, но не можел да види над главите на луѓето. Тој бил низок човек. Дури и ако се исправел на прсти, немало да може да Го види Господ Исус. Се разбира, никој не сакал да му помогне. Тој бил главниот даночник и сите луѓе го мразеле.

***Слика 3-3***

Закхеј сигурно бил многу разочаран. Тој толку многу сакал да го види Овој Човек. Наскоро ќе биде предоцна, бидејќи Исус само поминувал низ градот. И токму тогаш Закхеј добил една идеја. Штом се сетил, почнал да трча надолу по улицата. Во тоа време било многу необично некој богат, важен човек да трча на тој начин. Што планирал тој?

Закхеј размислувал вака: "По патот каде што ќе помине Исус има една црница. Ако се качам на неа, ќе можам да го видам подобро од кој да било друг." Само замислете си, главниот даночник во Јерихон, а се качува по една црница! Набргу стигнал до дрвото. Се фатил за една од гранките и се подигнал. По малку напор седнал на една гранка помеѓу лисјата кои му држеле сенка. Сега бил сигурен дека ќе може добро да го види Господ Исус Христос кога ќе помине оттаму.

***Слика 3-4***

Закхеј гледал како толпата се приближува сè поблиску. Да, тука бил Господ Исус Христос Кој одел по жешкиот правлив пат. Зошто Тој дојде во Јерихон? Одејќи за Ерусалим требало да помине низ Јерихон за да стигне таму. Тој одел во Ерусалим со една посебна цел.

Тој, Божјиот Син, го напуштил небото за да дојде на овој свет и да направи нешто прекрасно за луѓето како Закхеј, како тебе и мене, кои се загубени во гревот и се далеку од Бог. Тој беше единствената личност која некогаш живеела на оваа земја и никогаш, никогаш не Му била непослушна на Бог. Библијата ни вели: "*Тој не знаеше за грев*" *(2. Коринќаните 5: 21).* А сепак се даде Себеси да умре на крст и ја зеде казната што ние ја заслужувавме од Бог. Тој беше казнет, како Тој да беше Оној Кој Му бил непослушен на Бог. Кога умре на крстот, Тој беше одвоен од Неговиот Татко, Бог. Колку беше страшна казната што Тој ја истрпе! Но Тој воскресна од мртвите и е Единствениот Кој може да те спаси да не бидеш засекогаш загубен. Тој дојде да умре за да ги спаси загубените момчиња и девојчиња, мажи и жени. Затоа Тој одел во Ерусалим. Затоа

минувал низ Јерихон. Но постоела и една друга причина за неговото минување оттаму. Додека одел по патот, Христос барал да види некого. Тој и толпата доаѓале сè поблиску до дрвото каде што Закхеј седел меѓу лисјата. Тој бил среќен што можел да гледа одблизу.

***Слика 3-5***

Но тогаш толпата застанала, бидејќи токму под црницата застанал Господ Исус. Тој погледнал нагоре и повикал: "Закхеј, побрзај, зашто денес мора да останам кај тебе дома." Сите биле изненадени, но најмногу Закхеј!

Закхеј бил еден од оние кои ги барал Господ Исус во Јерихон. Тој го љубел овој човек и сакал да направи нешто прекрасно во неговиот живот. Тој знаел сè за Закхеј: го знаел неговото име, знаел каде живее, знаел дека седи на гранка на дрвото, знаел дека е измамник, дека краде и дека никој не го сака. Иако Господ Исус денес е на небото, Тој сè уште ги бара луѓето, Тој сè уште ги повикува луѓето. Дали Тој те повикува и тебе денес? Ох, ти нема да чуеш глас на начин на кој го слушаш мојот. Но Господ Исус те повикува, ако знаеш дека си загубен во гревот и дека она што денес го слушаш е токму за тебе. Длабоко во твоето срце ти знаеш дека Тој те љуби. Тој те повикува да дојдеш кај Него за да не бидеш загубен во гревот. Дали Тој те повикува денес? Тој ден, пред многу години, Тој го повикал Закхеј.

Нискиот човек бргу се симнал од дрвото. Претпоставувам дека речиси паднал од гранките. За миг застанал пред Оној Кого толку многу сакаше да Го види. Требаше ли Закхеј да дојде кога Господ Исус го повика? Да. Ако Господ Исус те повикува и тебе денес, послушај Го и прави го она што ќе ти го каже, исто како што направи Закхеј.

***Слика 3-6***

Закхеј и Господ Исус заедно тргнале кон домот на овој човек. Луѓето од толпата биле многу незадоволни и почнале да мрморат и да се жалат: "Зарем Тој не знае каков човек е Закхеј?"

"Замисли да му бидеш гостин на еден измамник!"

Но Исус Христос, Божјиот Син, дојде на овој свет да ги бара и да ги спаси луѓето како Закхеј. Тој не сакаше Закхеј да продолжи по неговиот непослушен начин и засекогаш да биде загубен од Бог. Тој сè уште е истиот денес. Тој сè уште ги спасува лошите момчиња и девојчиња, мажи и жени.

Што значи зборот "спасува"? Замисли дека си на морскиот брег и дека одиш да пливаш. Одеднаш забележуваш дека те повлекла струјата; те влече под водата или пак те влече кон отворено море. Ништо не можеш да направиш за да се спасиш; струјата е многу силна. Но еден спасувач гледа што се случува и плива кон тебе. Набргу ти си пак назад на песокот. Спасен си од водата.

Поради гревот во твојот живот ти си во опасност засекогаш да бидеш одвоен од Бог. Твојот грев те отстранува од Бог и не можеш да направиш ништо за да си помогнеш сам. Ти треба некој што ќе те спаси, или ќе ти помогне да се ослободиш од гревот. Исус Христос е Единствениот Кој може да го стори тоа. Тој е Единствениот Спасител. Тој ден Исус, Спасителот, одел по патот во домот на даночникот.

***Слика 3-7***

Закхеј бил многу среќен поради тоа што Господ Исус дошол во неговиот дом! Веројатно тој им кажал на слугите да подготват јадење за овој посебен гостин. Сигурен сум дека Господ Исус разговарал со Закхеј и со другите во куќата, но Библијата не ни кажува за што зборувале.

Додека Тој бил таму, во животот на Закхеј се случило нешто прекрасно. Додека Го слушал Господ Исус тој знаел дека Исус е навистина Бог Син; дека Тој е навистина Спасителот. Закхеј видел колку чист и совршен е Господ Исус и колку злобен и грешен е самиот тој. Тој сакал да му се простат гревовите; сакал неговиот живот да биде поинаков и да не биде полн со себичност, лажење, мамење и крадење. Закхеј едноставно поверувал во Господ Исус Христос за

да му ги прости сите гревови. Затоа Закхеј одеднаш се исправил. Вревата стивнала. Сите чекаале да слушнат што ќе каже. "Господе, уште сега ќе дадам половина од она што го имам за сиромасите" - рекол тој. "Ако некого сум измамил за нешто, ќе му вратам четири пати колку што сум зел."

Сигурно некои од луѓето биле шокирани. Дали е тоа вистина? Дали е ова истиот Закхеј што зборува? Што се случило? Господ Исус веднаш го објаснил тоа. Тој му рекол на Закхеј: *"Денес дојде спасението во овој дом... зашто Синот Човеков дојде да го бара и да го спаси загубеното" (Лука 19: 10).*

Господ Исус го спасил Закхеј за да не биде засекогаш казнет за неговиот грев. Тој го спасил од страшното ропство поради гревот што го имал врз себе, и што го терал да краде и да мами. Закхеј бил спасен од гревот. Тој веќе не бил одвоен од Бог. Неговиот живот бил проментет од Господ Исус Христос. Колку бил тоа прекрасен ден за Закхеј!

***Слика 3-8***

Ова може да биде прекрасен ден и за тебе, ако знаеш дека си заглавен во гревот и дека сакаш да се одвратиш од сè што не е по волјата на Бог. Побарај уште сега од Господ Исус да ти го одземе гревот и да те спаси од него. Ти можеш да му кажеш: "Драг Господе Исусе, јас грешам и правам лоши нешта. Ти благодарам што дојде да умреш на крстот за да ме спасиш. Те молам да го одземеш мојот грев. Јас наполно верувам во Тебе како во мој Спасител и Господ." Ако навистина му веруваш да те спаси, Тој ќе го стори тоа. Библијата вели: *"Затоа и може да ги спасува за вечни векови оние кои преку Него доаѓаат кај Бог" (Евреите 7: 25).* Тој може да го промени твојот живот и тогаш, како Закхеј, ти ќе почнеш да живееш живот што Му е угоден на Бог.

## *ЧЕТВРТА ЛЕКЦИЈА*

## *ЛЕКЦИЈАТА ШТО ЈА НАУЧИ ЗАГУБЕНИОТ СИН*

**Централна вистина:** сврти се од твојот грев кон Господ Исус Христос.

**Стих за учење напамет:** Ако оваа лекција е дел од целата серија повтори го Евреите 7:25. Ако е само еден состанок поучувај: *"На ист начин, ви велам, се радуваат Божјите ангели, заради еден грешник, кој се кае." (Лука 15: 10)*

**Библиски текстови:** Лука 15: 1,10 - 40

Тој отиде до влезната врата со куферот во раката и со палтото префрлено преку едната рака. На лицето имаше тврдоглав израз: "Никогаш нема да се вратам назад" - викна по мајка си. "Овде повеќе не ми се допаѓа". Нажалена, мајката на Тони го гледаше како си заминува.

Господ Исус еднаш кажа една случка за момче како Тони...

***Слика 4-1***

"Татко дај ми ги парите што ми следуваат откако ќе умреш; ги сакам сега, не сакам да чекам." Дали овој што зборува е навистина неговиот мил син? Сигурно таткото бил многу нажален! Тој на синот му дал убав дом, многу слуги; му давал добра храна и облека. Неговиот помлад син ги сакал парите сега. Сакал да си замине од дома, да го прави она што сака, да оди по својот пат. Овој татко ме тера да размислувам за Бог Кој е толку добар кон нас. Можеш ли да се сетиш за некои нешта што тој ти ги дал? (Продискутирај за Божјите дарови). Да, секое добро што го добиваме, го имаме бидејќи Бог е добар и љубезен.

Зарем не мислиш дека ние би требало да Го љубиме и да Му бидеме послушни на еден

таков љубезен и добар Бог? Но не го правиме тоа.

Библијата ни вели: "*Секој тргна по својот пат*" *(Исаија 53: 6)*. Ова значи дека иако Бог е толку добар спрема тебе, ти сѐ уште одиш по твојот сопствен пат, а не по Божјиот. Бог знае што е најдобро за нас и сака да бидеме навистина среќни. Во Библијата Тој ни заповеда да им бидеме послушни на нашите родители; Тој ни заповеда да ја кажуваме вистината. Ако татко ти ти рече: "Врати се дома во 6 и 30 и ниту минута подоцна", но играњето фудбал ти тргнало толку добро што не сакаше да си заминеш и не се врати дома до 7 и 15. "Кога ти кажав да си дојдеш дома?" - те прашал татко ти. "Ох тато, ми застана часовникот, жал ми е." Дали ти одеше по Божјиот пат или по твојот? Ти по твојот пат, му беше непослушен на Бог. Зошто? Бидејќи си роден со грешно срце што сака да прави лоши нешта. Никој не требаше да те поучува како да бидеш непослушен дома, или како да излажеш. Многу ти беше лесно да тргнеш по твојот сопствен пат, исто како и ова момче.

***Слика 4-2***

Натажен, татко му ги дал парите и веднаш потоа помладиот син заминал од дома.

"Ќе одам во земја што е далеку одовде. Ќе се забавувам прекрасно и ќе правам сѐ што сакам. Ќе биде супер да немам никој што ќе ми кажува што да правам, и ќе нема никој да ми каже што е правилно а што не е. Ќе можам да си го правам својот ќеф" - си мислеше во себе синот.

Тивко и натажено таткото гледал како тој си заминува. Неговиот драг син тргнуваше по својот сопствен пат и таткото се плашел дека пред него ќе има многу тешкотии. Тој гледал сѐ додека веќе не можел да го види својот син. Син му заминал. А синот размислувал за други нешта. Тој очекувал да му се случуваат убави работи - нови искуства, нови пријатели. А можеби ќе се збогати уште повеќе! Тој мислел оти може да го води својот сопствен живот.

Слика 4-3

Во една далечна земја бргу открил дека може да си најде нови пријатели. Овие пријатели биле многу среќни и подготвени да му помогнат да ги потроши парите. Заедно со нив јадел многу, пиел многу и правел други лоши работи. Тој бил далеку од татко си и правел работи што сигурно многу ќе го натажеле неговиот татко. И ти си ист како него. Кога ќе тргнеш по својот пат, правиш нешта што не му се по волја на Бог. Кога рече: "Ми застана часовникот" тоа беше лага! Бог е совршен и добар; Тој никогаш не лаже и го мрази лажењето. Се сеќаваш ли кога не си бил дома, а ти рекле да се вратиш? Ти си Му бил непослушен на Бог, а и на твоите родители. Дали некогаш пцуеш употребувајќи го Божјото име? И тоа е нешто што не е по волјата на Бог, бидејќи Тој ни заповедал: "Не употребувај го напразно името на Господ твојот Бог". Ти ги правиш овие нешта бидејќи си тргнал по твојот пат. Твојот грев те држи далеку од Бог, исто како што овој син беше далеку од домот. Тој мислел дека убаво се забавува.

Меѓутоа не помина долго, многу брзо, не му останало веќе ништо. Ги потрошил сите пари, а и сите пријатели го напуштиле! Никој не сакал да му помогне. Нештата станувале сѐ полоши. Во таа земја настапил глад и луѓето немале доволно да јадат. Храната станала скапа и ја немало. Тој бил гладен. Наскоро неговите убави облеки станале парталави и морал да продаде сѐ што има. Веќе немал ништо. "Можеби ќе можам да си најдам работа и да заработам малку пари" - почнал да си мисли. Но единствената работа што можел да ја најде била на една фарма да ги храни свињите. Евреите не смееле да имаат ништо заедничко со свињи.

***Слика 4-4***

Колку бил тој засрамен! Ден по ден гледал како свињите јадат. Бил толку гладен што сакал да ја јаде храната што ја јаделе свињите. Ако продолжел вака, ќе изгладнел до смрт. Тој тргнал по својот пат и бил далеку од татко му. И ти си тргнал по својот пат, а не по Божјиот. Си направил многу нешта кои не му се по волјата на Бог. Ти си далеку од

Него. Ова е многу сериозно, бидејќи Библијата вели: "*Душаӣа која ќе зїреши, ќе умре*" *(Езекиел 18: 4)*. Ова значи дека ако ти одиш по твојот пат, ќе бидеш засекогаш одвоен од Бог. Ова е казната за твојот грев. Твојот сопствен пат не е најдобриот. Истото го открил и овој млад човек.

Валкани, смрдливи свињи! Колку многу ги мразел синот! Почнал да размислува за дома. Се сетил на куќата, на слугите и на своето семејство. Се сетил на убавата храна што ја јаделе дома, додека тој гладувал. Кога ги гледал свињите, се срамел од себеси и од начинот на кој живеел. Тогаш рекол: "Ќе се вратам кај татко ми и ќе му кажам дека згрешив спрема Бог. Ќе му кажам дека ми е жал што го напуштив и што тргнав по мојот пат. Ќе ги оставам свињите и овој безумен начин на живот засекогаш. Па дури ако сум и само слуга дома, ќе биде многу подобро отколку ова."

Зарем не е време и ти да почнеш да размислуваш како него? Помисли на твоите гревови - твоето лажење, непослушност и пцуење. Овие не се нешта што лесно се заборавaат. Дали на нив гледаш како да се грев што Бог мора да го казни? Во твоето срце, знаеш ли дека треба да си подготвен да го оставиш твојот грев и да се одвратиш од него? Дали размислуваш за твојата потреба да се одвратиш од твојот грев кон Бог, исто како што овој млад човек сакаше да ги напушти свињите и далечната земја и да се врати назад кај својот татко?

***Слика 4-5***

Но, само размислувањето немаше да му помогне. Тој требаше да дејствува, па еден ден и да го направи тоа. Тргна кон дома, оставајќи ги зад себе свињите, земјоделецот и далечната земја. Сигурно си мислел: "Најмногу од сè сакам да се вратам дома". Дали и ти велиш: "Повеќе од сè, сакам да ми се тргне гревот и да бидам оправдан со Бог?" Бог сака да го направиш она што го направи помладиот син. Бог сака ти во твоето срце да се одвратиш од твојот грев. Од што сака Бог ти да се одвратиш? Од лажењето, од непослушноста, од пцуењето, од мамењето, од сè во твојот живот за кое знаеш дека е погрешно. Кога ти е навистина жал дека си згрешил против Бог и сакаш да се одвратиш од гревот, тоа се нарекува каење. Божјата заповед до тебе е да се покаеш. Библијата ни вели дека тој "*им зайовеgа на сиӣе луѓе насекаgе gа се йокајаӣ*" *(Дела 17: 30)*.

Точно тоа го направил помладиот син, кога ја напуштил далечната земја и тргнал по патот кон дома. Можеби си мислел: "Што ќе рече татко ми? Дали ќе ме прими? Како може да ми прости? Бев толку неразумен!" Дали бил возбуден и нервозен, кога одел по патот што го водел кон домот?

Кога ти во твоето срце ќе се одвратиш од гревот (ќе се покаеш), тоа не е вистински пат по кој ќе тргнеш да се вратиш кон Бог. Има само еден пат кој води кон Бог. Тој е преку личноста Господ Исус Христос. Тој отсекогаш беше Божји Син на небото, но дојде во светот за да биде единствениот пат по кој можеме да се вратиме назад кај Бог. Тој дозволи луѓето да Го заковаат на крст. Таму, кога умре, ја пролеа Својата скапоцена крв. Тој врз Себе ја зеде страшната казна за нашиот грев. Тој умре за да им се прости на грешните. Тој немаше свој грев. Никогаш не ги направи нештата за кои порано зборувавме. Но Тој умре за гревовите на светот. Затоа Тој можеше да каже "*Јас Сум Паӣоӣ... Никој не gоаѓа кај Таӣкоӣо, освен йреку Мене*" *(Јован 14: 6)*. Но Тој воскресна од мртвите и е жив засекогаш. И така, две илјади години по Неговата смрт и воскресението, тие зборови се сè уште вистина: "*Заӣоа и може gа їи сйасува за вечни векови оние кои йреку Неїо gоаѓааӣ кај Боґ*" *(Евреиӣе 7: 25)*. Сакаш ли да ти се простат гревовите? Сакаш ли да бидеш оправдан пред Бог? Одврати се од твојот грев и дојди кај Господ Исус Христос. Кажи Му дека ти е навистина жал за твоите гревови и дека веруваш оти Тој умрел за тебе. Побарај од Него да го одземе твојот грев и да почне да го води твојот живот. Така ќе се вратиш кај Бог.

Помладиот син одел по патот кон татковиот дом. Татко му стоел пред домот, на улица, и уште оддалеку здогледал човек во парталави алишта. Кога се приближил, видел дека тоа е неговиот син.

***Слика 4-6***

Со широко отворени раце истрчал да го пречека. Го прегрнал и го бакнал, плачејќи од радост. "Ох, татко", извикал синот, "му згрешив и на небото и тебе. Јас не заслужувам да ти бидам син". Повеќе не можел да зборува, бидејќи татко му го стегнал во својата прегратка. Сè му било простено и заборавено. Тој не го заслужил тоа. Какво добредојде!

Сакаш ли ти сите гревови да ти бидат простени и заборавени од Бог? Ќе ти биде ли драго ако твојот грев веќе никогаш не се спомне? Точно тоа ќе се случи ако се завртиш кон Господ и ако повеќе не грешиш. Побарај од Господ Исус да те спаси од твојот грев. Не заслужуваш да ти биде простено, но ова е она што Бог ветува да го направи за сите што се каат и што ја ставаат својата доверба во Господ Исус. Неговата љубов е многу голема, многу поголема отколку љубовта на таткото во оваа приказна што ја кажа Господ Исус.

***Слика 4-7***

"Донесете ја најубавата облека за мојот син." Слугите истрчаа да ја исполнат заповедта. "Донесете ми прстен за синот. Мојот син не е роб да оди бос - донесете му нешто да обуе!"

"Донесете теле, заколете го и ние ќе славиме! Зашто овој мој син беше мртов, и пак оживеа; беше загубен и сега е најден! "Таткото навистина го сакаше синот! Ако дојдеш кај Бог преку Исус Христос, таков каков што си, со сите твои гревови, тие ќе ти бидат простени. Бог те љуби и сака да те донесе да живееш со Него на небото кога ќе умреш. Бог е секогаш радосен кога еден грешник се кае. Библијата ни вели дека има радост меѓу ангелите на небото кога некој бара од Господ да го одземе неговиот грев.

***Слика 4-8***

Дали и денес ќе има радост на небото? Дали сакаш да ти се простат гревовите? Послушај ги со целото срце Неговите заповеди за да се одвратиш од твојот грев спрема Бог, да се покаеш. Уште сега дојди кај Господ Исус Христос и кажи Му дека ти е жал што си тргнал по твојот сопствен пат, а не по Божјиот. Кажи Му оти веруваш дека Тој умре наместо тебе; побарај од Него да го одземе твојот грев. Ако го направиш тоа и навистина го мислиш, сите твои гревови ќе ти бидат простени. Бог ќе те прими и целото небо ќе се радува! Библијата ни вели: "*На ист начин ви велам се радуваат Божјите ангели, заради еден грешник, кој се кае*" *(Лука 15: 10).*

*ПЕТТА ЛЕКЦИЈА*

*ПАВЛЕ И СИЛА ОДАТ ВО ФИЛИПИ*

**Централна вистина:** Поверувај во Господ Исус Христос и твојот живот ќе биде променет.

**Стих за учење напамет:** "*Верувај во Господ Исус и ќе бидеш спасен ти и твојот дом*" *(Дела 16: 31).*

**Библиски текст:** Дела 16: 11 - 40

Каменуван од налутена толпа... избеган од затвор... ослободен од затвор од ангел... му се случи бродолом... ова се некои од нештата што им се случуваа на првите христијански мисионери. (Мисионер е некој кој оди на други места за да им каже на луѓето за Исус Христос.) Павле и Сила биле мисионери. Животот за нив беше многу возбудлив а понекогаш и опасен.

*Слика 5-1*

Да им се придружиме кога влегоа во еден град во нова земја. Градот Филипи бил полн со луѓе, а Павле и Сила не познавале никого. Меѓутоа тие биле сигурни дека ова е вистинското место во кое требало да бидат. Бог ги водел да дојдат овде. (Можеби ќе сакаш на децата на картата да им го покажеш Филипи.)

Додека разгледувале, забележале дека повеќето од луѓето не знаат ништо за Единствениот вистински Бог. Тие славеле лажни богови. Павле и Сила многу сакале да им кажат за Бог и Неговиот Син Исус Христос. Павле и Сила биле мисионери и оделе од место на место за да им кажуваат на луѓето за Исус Христос и како тие можат да Го запознаат. Но од каде да почнат со работата во овој град?

Тука дури немало ниту место во кое што луѓето кои знаеле за Бог можеле да се собираат. Најпосле, нашле една група луѓе кои го знаеле првиот дел од Библијата и Му се молеле на Единствениот вистински Бог. Тие се среќавале крај реката.

*Слика 5-2*

Жените кои се собирале да се молат знаеле за Бог, но не знаеле дека Бог Го испратил Неговиот Син Исус Христос во овој свет. Павле и Сила сметале дека сега е времето да им ја кажат прекрасната новост. Мисионерите сигурно им кажале како Божјиот Единствен Син умрел на крстот и бил казнет за гревовите на светот.

Сигурно било возбудливо да им се каже на овие жени дека Господ Исус не останал мртов, туку дека воскреснал од мртвите и е жив засекогаш. Првпат овие жени слушнале дека само Исус Христос може да ги оправда пред Бог.

Можеби, додека ги слушаш овие нешта за Господ Исус, има некои работи што не ги разбираш. Можеби навистина сакаш да побараш Господ Исус да ти ги прости гревовите, но не знаеш како да го направиш тоа. Ќе ми биде драго од Библијата да ти помогнам да го дознаеш тоа. Откако ќе завршиме со состанокот дојди и разговарај со мене. Јас ќе стојам (посочи го местото).

Додека Павле и Сила ги објаснувале овие работи, нешто прекрасно се случувало во една од жените кои слушале. Жената се викала Лидија, една важна и богата жена. Библијата ни вели дека таа додека слушала, Бог работел во нејзиното срце и живот така што таа разбрала за што зборувале Павле и Сила. Таа поверувала во Евангелието и навистина сакала за себе да го запознае Господ Исус Христос. Таа ја ставила својата доверба во Господ Исус Христос и нејзиниот живот бил променет.

Тогаш таа им рекла на двајцата мисионери:" Ако ме прифаќате како верна, дојдете и престојувајте во мојот дом." Бог дејствувал во срцето на Лидија и нејзиниот живот и сега таа знаела дека Господ Исус Христос е нејзин Спасител. Бог исто така ѝ дал љубов за другите христијани. Бог ги менува оние кои ги спасува. Библијата ни вели: "*И така, ако некој е во Христос, тој е ново создание*" *(2. Коринќаните 5: 17).* Тоа значи дека ако ти поверуваш во Господ Исус како во твој Спасител, ти си нова личност. Однадвор

изгледаш исто, но однатре ќе бидеш навистина поинаков. Ќе бидеш променет од некој кој е грешен и непослушен, во некој кој сака да Му биде послушен на Бог. Тоа не значи дека никогаш повторно нема да Му бидеш непослушен на Бог, но ти веќе нема да бидеш некој на кој многу малку му е грижа за Бог; ти ќе Го љубиш. Бог не ти кажува само како да живееш за Него; Тој доаѓа да живее во тебе, и да ти помогне да го правиш тоа. Точно тоа ѝ се случи на Лидија.

***Слика 5-3***

Сигурно Павле и Сила биле полни со радост за она што Бог го правел. Тие продолжиле со својата важна работа - да им кажуваат на другите за Господ Исус Христос. Еднаш, додека оделе на едно место каде што луѓето заедно се собирале на молитва, сретнале една девојка која била робинка и која ја претскажувала иднината. Библијата ни кажува дека претскажувањето на иднинате е нешто што не е по волјата на Бог и дека ние не смееме да имаме ништо со тоа (5. Кн. Мојсеева 18: 10 - 12). Оваа девојка била раководена од еден зол дух и тој бил оној што ѝ ја давал можноста да претскажува. Кога таа ги видела Павле и Сила, почнала да вика по нив: "Овие луѓе се слуги на Севишниот Бог, кои ви кажуваат како можете да бидете спасени!" Она што таа го кажувала беше вистина; но заради тоа што таа го правела и начиот на кој викала, Павле и Сила знаеле дека сатаната го контролира нејзиниот живот. Павле и Сила биле натажени кога ја гледале оваа кутра девојка како вика. Таа со денови продолжила да ги следи и цело време викала.

Најпосле, Павле бил толку налутен што запрел, се завртел и рекол: "Во името на Исус Христос ти заповедувам да излезеш од неа!" Во тој момент лошиот дух ја напуштил девојката. Колку е само силно името на Господ Исус! Тој е многу посилен отколку сатаната и злите духови. Тој го променил животот на оваа девојка и Тој може да те промени и тебе. Можеби ти знаеш дека твојот живот не е како што треба. Лажеш, мислиш лоши нешта, непослушен си кон мајка ти и татко ти, го користиш името на Бог како пцост, сакаш да одиш по твојот пат. *"Нема ниту еден праведен, не ниту еден" (Римјаните 3: 10).* Треба да бидеш направен нова личност. Господ Исус Христос може да го направи тоа за тебе. Знаеме дека Тој е Семоќен, бидејќи воскресна од мртвите. Тој е жив и денес; Тој има моќ да го промени твојот живот. Без разлика колку си лош, Господ Исус може целосно да те промени.

Ако Му поверуваш дека ќе те спаси Тој ќе ти ги прости гревовите и ќе ти го промени животот. Тој ќе ти помогне да живееш за Него. Можеби имаш лош карактер и секој знае за тоа. Но ако дојдеш кај Господ Исус и ако поверуваш во Него како во твој Спасител, Тој ќе ти ја даде силата и моќта што ти треба за да не бидеш таков. Да Му се припаѓа на Господ Исус не значи само да се биде подготвен за небото. Значи да бидеш направен нова личност која живее за Бог сега, во овој живот. Девојката робинка сигурно била изменета, откако била ослободена од злиот дух.

***Слика 5-4***

Но не биле сите среќни од она што се случило. Оваа робинка работела за луѓе кои многу заработувале од нејзиното гатање. Тие биле бесни кога разбрале дека таа веќе нема да може да носи пари. Ги грабнале Павле и Сила, ги однесле на пазарот каде што седел градскиот судија. Тие ги обвиниле со зборовите: "Овие мажи се Евреи и прават бунт во нашиот град. Тие поучуваат нешта што се спротивни на законот." Ова било лага, но немало никој кој можел да ги одбрани Павле и Сила. Толпата се собрала и мнозина почнале да лажат и да викаат против мисионерите.

Судијата наредил да бидат сурово казнети. На двајцата мисионери им ја соблекле облеката и ги изнатепале. Потоа биле фрлени в затвор, а чуварот на затворот добил заповед да ги чува многу внимателно.

***Слика 5-5***

За да се осигури дека нема да побегнат, чуварот на затворот ги ставил во една ќелија длабоко во затворот. Исто така им ги ставил нозете во клада. Таму двајцата биле натепани, крвави и болни. Рацете и нозете

им биле цврсто врзани. Немало никаква надеж за бегство. Но во таа валкана, влажна, темна ќелија не се слушало мрморење, ниту поплаки, туку се чул еден друг звук - песна! Павле и Сила му пееле слава на Бог. Како можеле да го направат тоа? Тие знаеле дека Бог контролира сѐ што се случува. Тие знаеле дека ѕидовите од ќелијата не можат да го држат Бог надвор. Тој бил со нив. Тие имале радост во срцата. Колку биле поинакви од другите затвореници!

Оние кои веруваат во Господ Исус Христос како во нивни Спасител се поинакви, зашто Бог ги направил такви. Ако поверуваш во Господ Исус, ќе има моменти кога ќе биде тешко да се живее за Него. Но можеш да бидеш сигурен дека Бог е со тебе. Тој ти ветува: "*Никогаш нема да те напуштам, ниту да те заборавам*" *(Евреите 13: 5б)*. Бог ќе биде вистински во твојот живот. Ти ќе Го знаеш бидејќи Исус Христос е твој личен Спасител. Затоа Павле и Сила можеле да пеат за слава на Бог.

Сигурно другите затвореници биле вчудовидени кога слушнале како некој пее! Ова не бил звук што често се слушал меѓу тие дебели ѕидови во затворот.

***Слика 5-6***

Но одеднаш, на полоќ, низ целата зграда се слушнал уште еден звук. Сѐ почнало да се тресе. Дури и темелите на затворот биле затресени. Сите врати се отвориле. Дрвената клада се распаднала. Веригите испаднале од затворениците. Бог почнал да дејствува - Тој беше испратил земјотрес.

Чуварот на затворот се разбудил, сиот потресен. Кога ги видел широко отворените врати на затворот се уплашил: "Сигурно сите затвореници побегнале" - си помисли тој. "Поради ова ќе ме убијат!" Бргу го извлекол мечот и сакал да се убие. Тогаш слушнал еден извик: "Немој да си нанесеш зло. Ние сме сите овде". Тој што проговорил бил Павле.

Кога чуварот на затворот го слушнал Павле, тој повикал некој да му донесе светло. Сигурно многу нешта му нинувале низ главата: "Овие луѓе мора да се слуги на Господ Бог, инаку сигурно ќе побегнеа кога ја имаа можноста. Бог мора да е многу силен штом можеше да испрати земјотрес како овој." Чуварот на затворот знаел дека не е подготвен да се сретне со овој моќен Бог. Кога влегол во ќелијата, тој поставил едно многу важно прашање: "Господари, што морам да направам за да се спасам?"

***Слика 5-7***

Павле му одговорил: "*Поверувај во Господ Исус Христос и ќе бидеш спасен*" *(Дела 16: 31)*. Павле и Сила сигурно му објасниле што мислат со тоа. Исус Христос, Единствениот Божји Син, умрел на крстот и бил казнет за гревот на целиот свет. Тој воскреснал од мртвите и сега е на небото со Бог. Тој бил Единствениот што можел овој чувар на затворот да го оправда пред Бог. Тој морал да се потпре врз Господ Исус Христос за да го одземе неговиот грев и да го направи прав пред Бог.

Мислиш ли дека чуварот на затворот само ги ислушал Павле и Сила за она што тие го кажувале за Господ Исус и дека не направил ништо во врска со тоа? Мислиш ли дека тој само рекол: "Ох, колку е тоа интересно?" Библијата ни вели дека тој поверувал, ја ставил својата доверба во Господ Исус Христос за да го спаси од гревот. Тој побарал од Господ Исус да му го прости гревот. И не само тоа, туку Библијата ни вели дека целото негово семејство поверувало во Христос за да ги спаси. Не е доволно само да знаеш за Исус Христос. Ти мора лично да поверуваш во Него и да побараш Тој да те спаси.

Чуварот на затворот навистина поверувал во Господ Исус. Па тогаш неговиот живот се променил, нели? Да, тој станал поинаков. Ги зел Павле и Сила со него и внимателно им ги измил раните на грбовите со вода. Тогаш ги одвел кај него дома. Им дал да јадат и се погрижил за нив. Каква промена! Кога Господ Исус Христос го спасува некого од неговиот грев, тогаш има вистинска промена во неговиот живот. Бог, Светиот Дух, доаѓа да живее во животот на таа личност во моментот кога таа ќе

поверува во Господ Исус. Тој ги прави непослушните момчиња и девојчиња послушни деца. Ги прави оние кои не се заинтересирани за Библијата во луѓе што сакаат да дознаат повеќе од Божјото Слово.

***Слика 5-8***

Бог може да те направи нова, поинаква личност. Тој може да те направи љубезен, како што тоа го сторил за Лидија. Тој може да ти помогне да се отстраниш од злото како што Тој го направил тоа за гатачката. Тој може да ти помогне да живееш живот кој ќе биде угоден за Него, како што тоа го направил за чуварот на затворот.

Дали искрено сакаш да ти се промени животот? Дали ти е жал бидејќи знаеш оти не живееше на Божји начин? Побарај од Господ Исус да ти ги прости гревовите и да стане господар над твојот живот! Поверувај во Него за да ти го прости гревот! Тогаш Господ Исус ќе живее во тебе преку Неговиот Свет Дух и ти ќе знаеш дека си нова личност. "*Поверувај во Господ Исус и ќе бидеш спасен ти и твојот дом*" *(Дела 16: 31).*